# Работен план и кандидатури на ФСС ФИНКИ 2025

## 1 Претседатели

### 1.1 Георгина Илиевска




Јас сум Георгина Илиевска, четврта година на смерот Примена на информациски технологии. Ова е трета година каде што се кандидирам за да бидам дел од ФСС ФИНКИ, овај пат како претседател. После успешната година што ја имавме и искуството што го стекнав сметам дека ги имам потребните квалификации за да ја имам таа улога. За жал поради трагичните случувања оваа година, не бевме во можност да ги исполниме сите идеи, па дел од идеите што ги имавме минатата година ќе ги реализираме оваа! Дел од идеите што ги имам и ќе ги овозможам се:

- Ќе се потрудам да го решам проблемот со паркинг местата, да има поголем број на места само за студенти.
- Ќе пробам да ја подобрам поддршката за студенти од еднородителски фамилии и соработка со организации кои што обезбедуваат уплата на семестар за таков тип на студенти.

- Ќе организирам хуманитарни настани и крводарителски акции.
- Организација на хакатон со обезбедени спонзори каде што победниците би добиле можност за пракса или работа во нивната компанија!
- Ќе ја подобрам ориентациска недела со тоа што веќе започнав договори за спонзорства, за да имаат студентите храна и пијалоци достапни на паузите и мини нетворкинг сесии за да се запознаат меѓусебно.
- Подобра сорабока со професори и асистенти и работа кон подобрување на наставата, полагањата и сите недорабирања да бидат навремено решени.
- Работа на распоредот и целосна вклученост во истиот како и оваа година и изнаоѓање на подобри решенија.
- Поставување клупи на кампус за можност за дружба во дворот и подобрување на хигиената.
- Соработка, доделување на гратис карти и попуст за останатите студенти за конференции како што се "Ai Tech Summit", "Witcon "What the Stack"и слично.
- Ќе направам board games night во соработка со некој од локалите како Base42, Кино Влае, Samo и слично.
- Како и оваа година ќе организирам настани, работилници и предавања како индивиуални, така и во соработка со Women In Tech - Macedonia, се со цел да научат уште повеќе компании за работата на ФСС ФИНКИ изближување на студентите со самите компании и лидери во индустријата.
- Ќе го водам инстаграм профилот на ФСС ФИНКИ и ќе одговарам на сите прашања како и до сега, ќе ја зголемам и активноста на дискорд.
- Ќе организирам групи за учење за повеќе предмети и ќе се обидам да имаме достапен и ментор за полесно совладување на материјалот.
- Ќе ја остварам започнатата идеја од минатата година за клуб за кодирање каде студентите ќе имаат можност да работат на реални проекти, ќе бидат достапни ментори и ќе има предавања од луѓе од индустрија.
- Ќе организирам неформални дружења како кино и квиз вечери и ќе се потрудам да имаме подобри забави.
- Ќе има поголема промоција на Универзитетската лига и поголема покриеност од страна на социјалните мрежи.
- Ќе ја подобрам соработката со останатите студентски организации како што се BEST, IAESTE и EESTEC.

Сметам дека сум одличен кандидат за оваа позиција и се надевам дека ќе соработуваме и оваа година!

# 2 Членови

## 2.1 Кандидати за насоките ПИТ, ПЕТ

### 2.1.1 Ангела Василевска



Кандидатура за член на Факултетското студентско собрание – ФИНКИ Ангела Василевска Јас сум Ангела Василевска и со голема мотивација повторно се пријавувам за член на ФСС – ФИНКИ, водена од желбата да продолжам активно да придонесувам за подобар студентски живот – академски, социјален и културен. Во изминатиот период како член на ФСС стекнав искуство во застапување на студентските интереси, комуникација со професори и поддршка на вашите идеи. Сега, сакам да направиме уште повеќе. Ќе се залагам за појасна комуникација со професорите и фер оценување. Но и за организирање на незаборавни студентски настани: журки, квизови, филмски вечери и музички забави.Сакам да поддржам и спортски турнири, маратони, крводарителски акции и хуманитарни настани што носат заедништво и вредност. Ќе се ангажирам околу хакатони, клубови за учење и работилници за да ги поврземе студентите што сакаат да учат, творат и напредуваат. Верувам дека ФИНКИ заслужува жива, праведна и инспиративна студентска заедница. Ако го делиш ова мислење, би ми значело твојата поддршка! Заедно можеме повеќе!

#### 2.1.2 Стефанија Здравкоска




Со ентузијазам и силна желба за подобрување на студентскиот живот, се кандидирам како член на ФСС ФИНКИ со фокус на организирање на студентски настани и забави. Верувам дека студентските денови не се само учење, туку и создавање пријателства, спомени и моменти кои ќе се паметат цел живот.

Мојата главна цел ќе биде организирање на креативни, инклузивни и забавни настани за студентите на ФИНКИ. Ќе се залагам секој настан да биде добро испланиран, промовиран и реализиран со тимска работа и енергија. Ќе бидам глас на моите колеги, отворена за идеи и предлози, и секогаш ќе работам со ентузијазам, одговорност и почит. Верувам дека преку забавите можеме да го зајакнеме студентскиот дух и припадноста кон нашиот факултет.

### 2.1.3 Давид Јовановиќ



-Организирање на трибини каде што ќе се дискутира за начинот на одвивање настава, концепти на полагања и останати концепти на предметите заедно со студентите и наставниот кадар

-Организирање и одење на outdoor активности (планинарење, возење велосипед, трчање итн.)

-Навремено реагирање за распореди, резултати и оцени

-Планирање на квизови и game nights

-Учество на останати активности и настани

-Создавање на комисии по потреба за теми кои ги засегнуваат студентите

-Формирање на групи за учење

-Формирање на работилници и конференции

-Поголема присутност на социјалните мрежи

#### 2.1.4 Александар Колоски



Здраво колеги, како член на ФСС, ќе се залагам за:

Подобрување на комуникацијата помеѓу студентите, професорите и службите на факултетот.

Организирање на разни настани: работилници, студиски групи, кино вечери, квизови, спортски активности и излети.

Поддршка на сите иницијативи за подобрување на условите за учење и престој на факултетот (клупи, хигиена, простор за социјализација).

Поттикнување на меѓусебно вмрежување и соработка меѓу студентите од сите насоки.

Навремено информирање за можности за практична работа, ЕРАЗМУС+ програми и конференции.

Прибирање на предлози, жалби и идеи преку анкети и директна комуникација за да бидам вистински глас на моите колеги.

Соработка со останатите членови на ФСС и студентските организации за заедно да реализираме повеќе активности кои ќе го збогатат студентскиот живот.

Верувам дека секој студент заслужува да биде слушнат и застапен, а моја главна цел е да бидам вашата поддршка и мотиватор за позитивни промени на ФИНКИ.

## 2.2 Кандидати за насоките СИИС, SEIS

### 2.2.1 Стефан Дишлиовски



Како редовен студент на ФИНКИ, мојата кандидатура за член на ФСС се темели на желбата за подобрување на студентскиот живот преку конкретни, остварливи иницијативи. Ќе се залагам за дигитализација и транспарентна комуникација – преку поефикасно информирање за термини, резултати, можности за пракси и воннаставни активности. Верувам во вредноста на поврзувањето – преку неформални дружења, Game Nights, прошетки и студентски натпревари ќе работам на градење пријателска и поддржувачка средина. Ќе иницирам соработка со други студентски организации и компании за предавања и обуки со практична вредност. Сакам гласот на студентите да биде слушнат и застапен. Затоа, ќе отворам канали за анонимна комуникација и редовни анкети за предлози и критики. Мојата главна цел е ФСС да биде активен сојузник и вистински сервис за секој студент.

### 2.2.2 Анастасија Јакчулева



Изготвување на систематско решение за доцнењето на резултати од колоквиуми и испити.

Навремено реагирање за промени, поплаки и желби во врска со предмети, резултати, испити..

Блиска соработка со вработените и заедничко составување на распоред за полагање и негово навремено објавување.

База со информации за фирми кои нудат пракса, споделување на активни повици за практиканти, совети и помош при пријава на пракса.

Продолжување на соработката со УСС УКИМ на темата Дигитализација на факултетот - намалување на сите документи кои има потреба да се носат хартиено во просториите на факултетот.

Организирање на хуманитарни активности и продолжување на соработката со Црвениот крст - Крводарителски акции, собирни акции, хуманитарни кино вечери, учество во веќе организирани активности во доброволни цели наменети за ранливи категории во и надвор од рамките на факултетот.

Социјализација - организирање на неформални средби и активности за дружење и запознавање на колегите.

Студентски забави, Game nights (наши и во соработка), излети, искачување на Водно, кино вечери.

### 2.2.3 Бобан Кочески



Согласно моите ингеренции како член на ФСС-ФИНКИ, а студент во прва година, не можам помпезно да ветувам работи кои и сам знам дека не би можел да ги спроведам во пракса, па апро по тоа, би сакал да ги издвојам следните ставки: - Иницијатива за намалување на цените во локалите околу техничкиот кампус: студентите на ФИНКИ, со приложување соодветен доказ (iKnow или студентска легитимација), да добијат 10-20 % попуст на сметката. - Најветуваните работи: навремен распоред за полагање и навремени резултати, конечно да бидат остварени! Заедно со колегите од Студентското собрание, да настојуваме да има распоред за полагања во колоквиумска недела, најмалку 10 до 14 дена пред започнувањето на истата, со цел студентите соодветно да си ги распоредат обврските. Исто така, резултати од колоквиуми да не се објавуваат 5 дена пред испит, туку да има резултати најдоцна 10 до 14 дена по полагањето на курсот. - Колегијална поддршка за бруцошите кои студираат на ФИНКИ, а доаѓаат од внатрешноста на државата. Поради тоа што лично јас спаѓам во оваа „категорија“ студенти, знам какво е чувството да мигрираш од родниот град и да дојдеш во ново место, потполно непозната средa, голем град. Секој почеток е тежок, но би било полесно доколку како ФСС сме тука за студентите кои имаат потреба да поразговараат со нас на оваа тема. - Проблемите со кои се соочуваат колегите од прва година (втора година во акад. 2025/26) да бидат разгледани и дискутирани на наредната редовна седница на ФСС. - Известување на колегите за работата на ФСС и што ново се случува со ФИНКИ. Да бидат во тек со тоа што работи Собранието. Ова е само дел, според моите можности. Заедно со колегите во ФСС-ФИНКИ, би добиле повеќе придобивки.

## 2.3 Кандидати од сите останати студиски програми од додипломски и постдипломски студии

### 2.3.1 Александар Димоски



Здраво, колеги! Јас сум Александар Димоски, студент од втора година на насока Компјутерски науки. Во следниот мандат ќе се фокусирам на три приоритетни области:

ФСС И СТУДЕНТИ - Месечни анкети за оценување на работата на ФСС и собирање сугестии - Целосна транспарентност - јавно објавување на одлуки, трошоци и планови на ФСС. - Снимање на предавањата и аудиториските вежби - Менторска програма предводена од студенти за полесно совладување на одредени предмети

СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ - Водење на социјалните мрежи на ФСС и ФИНКИ - Кратки видеа за студентскиот живот на кампусот (совети, настани, интервјуа). - Претворање на аудиториските вежби во кратки анимирани видеа

УНИВЕРСИТЕТСКИ ЛИГИ - Редизајн на дресовите - Неделни термини во сала - Зголемување на посетеноста на натпреварите - Формирање конкурентна екипа во повеќето спортови

### 2.3.2 Јована Трајческа



Јас сум Јована Трајческа, студент на постдипломски студии на насоката Софтверско инженерство. Во текот на додипломските студии имав можност детално да ги согледам јаките и слабите страни на факултетот и свесна сум за постоечките предизвици. Моите примарни цели опфаќаат да се подобри искуството на студентите и да се подигне студентскиот стандард. Ќе се залагам да се добиваат распореди и резултати навремено и да се решаваат постепено останатите поплаки кои ги имаат студентите. Сметам дека отворената комуникација помага побрзо да се решат проблемите, па така секогаш може да ми се обратите со ваши идеи и сугестии кои би можеле да се реализираат со цел да се подобрат условите за студирање. За бруцошите ќе организираме ориентациска недела со цел да им помогнеме полесно да се адаптираат и да добијат корисни совети за студирање, снаоѓање на факултетот и успешно совладување на првите предизвици. Ќе иницирам креирање на feedback анкети за да се соберат мислења од студентите по завршување на колоквиумските недели и испитните сесии. Дополнително, ќе се потрудам да се организираат различни работилници и предавања од луѓе во индустријата, каде што студентите ќе имаат можност директно да се запознаат со најновите трендови, да стекнат практични знаења и да добијат совети кои ќе им помогнат во нивниот професионален развој. Ќе ги поддржам останатите колеги од ФСС ФИНКИ, бидејќи верувам дека со заедничка посветеност може да ги подобриме студентските денови. Ќе организираме различни неформални средби каде што ќе може да ги дискутираме вашите идеи за подобрување на работата на ФСС ФИНКИ, идеи за некој настан или дружба. На овој начин ќе обезбедиме потранспарентна работа, но и можност да се разменат идеи и совети

меѓу студентите. Ќе бидам активна на каналите за комуникација, отворена сум за соработка и секогаш кога имате прашање, предлог или проблем, може слободно да ме контактирате. Се надевам на успешна соработка!